СОЈУЗ НА ДРУШТВАТА НА ИСТОРИЧАРИТЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ИСТОРИОГРАФИЈА НА МАКЕДОНИЈА 1986-1995

# IV

СКОПЈЕ, 1997

# ДЕЛ VI

Д-р Виолета Ачкоска

## МАКЕДОНИЈА ПО ВТОРА СВЕТСКА ВОЈНА 1945-1995

Периодот од 1986 до 1995 година го карактеризираат неколку клучни настани кои значат историска пресвртница во општествено-економскиот и политичкиот развој на македонската држава. Долгогодишната криза на комунистичкиот модел на светската сцена, а посебно на државното функционирање на СФРЈ, резултираше во распаѓање на Федерацијата создадена на Второто заседание на АВНОЈ под идеолошката капа на КПЈ. На тлото на некогашната СФРЈ се создадоа повеќе независни држави, меѓу кои на 8 септември 1991 година, беше прогласена и целосната независност и сувереност на нашата држава - Република Македонија. Со тоа започна нова страница и нов период во македонската историја.

Годините што следеа по прогласувањето на независноста беа години на крупни и радикални промени во сите сфери од општествено-економскиот и политичкиот живот, но и години на тешка и мачна борба за меѓународно признавање на Република Македонија. Беше отворен процесот на транзиција, на пермин од еднопартиски во повеќепартиски систем со едновремено воведување на пазарната економија и приватизација на државниот (т.н. општествен) капитал.

Транзицијата не значеше само промени во економската и политичката сфера. Таа го воведе плурализмот на сите полиња. Така и македонската историографија се вклучи во предизвиците на новите историски процеси. Се отвори "Пандорината кутија" на табу теми во повоената македонска историографија. Многу личности и настани за прв пат беа јавно промовирани или ставени на историска преоценка за нивното место во историјата на Македонија: Ченто, Шатев, Шарло, Информбирото, Голи Оток, колективизацијата на селото итн. Истовремено, на јавноста ѝ станаа достапни повеќе архивски фондови, посебно за периодот по 1945 година кои, заради идеолошки, политички и други причини (историската дистанца) беа затворени во целиот повоен период.

Избирањето на теми кои биле забранети или политички непожелни во периодот до крајот на осумдесеттите години, покрај стремежот за објективизација, носеше често и опасност од нивна повторна употреба (читај: злоупотреба) за одредени политички цели. Меѓутоа, најголемиот број на историографски трудови, пишувани со научна апаратура, главно, настанати од почетокот на деведесеттите години, постигнаа голем степен на објективизација и дадоа значаен прилог кон доизградувањето на македонската историографија како од тематски, така и од методолошки аспект.